**До:**
**Општина Демир Хисар**

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,
Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Стратешки план на општината
2. Стратегија за локален економски развој
3. Стратегија за развој на културата
4. Стратегија за социјална заштита на граѓаните
5. Стратегија за соработка со здруженија на граѓани и фондации
6. Стратегија за унапредување на родовата еднаквост
7. Стратегија за млади
8. Стратегија за локален социјален економски совет
9. Програма за здравствена и социјална заштита и заштита на деца
10. Програма за енергетска ефикасност
11. Програма за заштита на животната средина
12. Програма за комунални дејности
13. Програма за изготвување на урбанистички планови
14. Генерален урбанистички план – ГУП
15. Програма за спорт и рекреација
16. Програма за култура
17. Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја
18. Локален акциски план за вработување
19. План за стопански развој на општината
20. Годишни извештаи за реализација на планските документи за 2018 и 2019 година

***Горенаведените документи се бараат да бидат доставени по електронска пошта (за тие што се изработени).**

Дополнително, се бараат следните податоци да се пополнат во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| 21 | Колку седници одржал Советот на општината во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 22 | Број на предложени граѓански иницијативи во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 23 | Број на реализирани собири на граѓани на барање на граѓаните во општината во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 24 | Број на референдуми реализирани во општината во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 25 | Број на доставени претставки и предлози од страна на граѓани или група на граѓани во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 26 | Број на доставени петиции во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 27 | Број на организирани јавни трибини, анкети и побарани предлози од граѓаните при изготвувањето на прописите на општината во 2018 и 2019 година | 2018: ________<br>2019: ________ |
| 28 | Информација за тоа за кои од усвоените стратешки и плански документи при подготовката биле спроведени консултации со заинтересираните страни (набројте ги) | |
| 29 | Колку просечно трае временскиот рок за спроведување на консултативен процес со заинтересирани страни при подготовка на плански и стратешки документи | |
| 30 | Доколку имате воспоставено формална процедура за консултации со засегнати страни, доставете ни ја во прилог | |
| 31 | Дали имате воспоставено организациска единица за стратешко планирање и следење на реализацијата на стратешките документи и колку вработени има во истата | ДА / НЕ<br>Број на вработени:_______ |

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
**- г) електронски запис**
- д) друго (испраќање на информации)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил -**
- д) друго---------------------------------------------------------------------

**Барател на информацијата:**
Име на организацијата

**Во Скопје, 27.07.2020 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

---

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-682/2
31.07.2020
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

## Р Е Ш Е Н И Е

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 27.07.2020 година [redacted], во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на инфомации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-682/1 на 29.07.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-682/3 од 31.07.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-682/3
31.07.2020
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 27.07.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 29.07.2020 година под број 09-682/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

1. Стратешки план на општината-**Дел е од стратешките цели на Интегрираниот план за локален економски развој на Општина Демир Хисар за периодот 2019-2022,**
2. Стратегија за локален економски развој- **Дел е од стратешките цели на Интегрираниот план за локален економски развој на Општина Демир Хисар за периодот 2019-2022,**
3. Стратегија за развој на културата-**Во фаза на изработка,**
4. Стратегија за социјална заштита на граѓаните- **Дел е од стратешките цели на Интегрираниот план за локален економски развој на Општина Демир Хисар за периодот 2019-2022,**
5. Стратегија за соработка со здруженија на граѓани и фондации-**Не е изработена,**
6. Стратегија за унапредување на родовата еднаквост-**Во фаза на изработка, а донесена е Прогама на активности на еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Хисар за 2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 12),**
7. Стратегија за млади-**Не е изработена, но донесена е Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 16),**
8. Стратегија за локален социјален економски совет-**Не е изработена,**
9. Програма за здравствена и социјална заштита и заштита на деца-**Донесена и објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 5),**
10. Програма за енергетска ефикасност-**Изминат е рокот на постојната, во фаза на изработка е нова,**
11. Програма за заштита на животната средина-**Не е изработена и донесена за 2020 година,**
12. Програма за комунални дејности-**Не се донесува како таква, туку во неколку делови: Одлука за комунален ред објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.14/2014, Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар за 2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар**

**бр.20/2019 (точка 15), Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 13) и Програма за управување со отпад за 2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 14),**

13. Програма за изготвување на урбанистички планови-**Донесена и објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2020 (точка 8),**
14. Генерален урбанистички план – ГУП-**Во фаза на изработка,**
15. Програма за спорт и рекреација- **Донесена и објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 6),**
16. Програма за култура-**Не е донесена за 2020,**
17. Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја-**Донесена и објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019 (точка 11),**
18. Локален акциски план за вработување-**Не е изработен,**
19. План за стопански развој на општината-**Не е изработен,**
20. Годишни извештаи за реализација на планските документи за 2018 и 2019 година-**Донесени и објавени во Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2020 (точки 15 и 18) и бр.4/2020 (точка 6).**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Колку седници одржал Советот на општината во 2018 и 2019 година | 2018: 19<br>2019: 20 |
| 2 | Број на предложени граѓански иницијативи во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 3 | Број на реализирани собири на граѓани на барање на граѓаните во општината во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 4 | Број на референдуми реализирани во општината во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 5 | Број на доставени претставки и предлози од страна на граѓани или група на граѓани во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 6 | Број на доставени петиции во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 7 | Број на организирани јавни трибини, анкети и побарани предлози од граѓаните при изготвувањето на прописите на општината во 2018 и 2019 година | 2018: /<br>2019: / |
| 8 | Информација за тоа за кои од усвоените стратешки и плански документи при подготовката биле спроведени консултации со заинтересираните страни (набројте ги) | Интегрираниот план за локален економски развој на Општина Демир Хисар за периодот 2019-2022 е донесен после одржување на јавни расправи |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Колку просечно трае временскиот рок за спроведување на консултативен процес со заинтересирани страни при подготовка на плански и стратешки документи | / |
| 10 | Доколку имате воспоставено формална процедура за консултации со засегнати страни, доставете ни ја во прилог | / |
| 11 | Дали имате воспоставено организациска единица за стратешко планирање и следење на реализацијата на стратешките документи и колку вработени има во истата | НЕ<br><br>Број на вработени: / |

Во прилог Ви доставуваме:

А) Решение за позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.09-682/2 од 31.07.2020 година,

Б) Линкови од горенаведените документи објавени во Службен гласник на Општина Демир Хисар:

- Интегрираниот план за локален економски развој на Општина Демир Хисар за периодот 2019-2022
http://demirhisar.gov.mk/images/stories/002019/StrateskiDokumenti/iplr%20na%20opshtina%20demir%20hisar%202019-2022.pdf
- Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.20/2019
http://demirhisar.gov.mk/images/stories/002019/SluzbenGlasnik2019/sluzben%20glsanik%20br%2020%20od%2031.12.2019.pdf
- Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.14/2014
http://demirhisar.gov.mk/images/stories/Pdf_files/Sluzben_glasnik_2014/sluzben%20glasnik%20br%2014%20od%2030.09.2014.pdf
- Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2020
http://demirhisar.gov.mk/images/stories/2020/SluzbenGlasnik2020/sluzben%20glasnik%20br%2002%20od%2031.01.2020.pdf и
- Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.4/2020
http://demirhisar.gov.mk/images/stories/2020/SluzbenGlasnik2020/sluzben%20glasnik%20br%2004%20od%2028.02.2020.pdf

Напомена: Овој документ Ви го доставуваме и во word верзија за поедноставен пристап до линковите.

Изработил,
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски